**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 309/3**

**Скопје, 08.04. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2007 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Демир Хисар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Љупчо Најдовски, градоначалник на општина Демир Хисар во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 22.12. до 26.12.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени

рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

Општина Демир Хисар нема воспоставено интерни контроли во процесите на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината поради што е утврдено постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите. Општо, за сите приходи е утврдено дека:

- не се воспоставени пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во организациони единици на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на приходите,
- не се врши контрола од раководителот на одделението или друго одговорно лице, односно не постои поделба на надлежностите (сите фази во постапката по одделни даноци ги врши едно лице), и
- не се врши усогласување на состојбата на регистрите што се водат во Општината со регистрите кои ги водат надлежните државни институции.

Работните задачи во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Демир Хисар се утврдени воопштено, не постои јасно разграничување на надлежностите и одговорностите така што не обезбедуваат функционирање на системот на интерни контроли.

Поради утврдените ризици, ревизијата изврши испитување на системот на интерните контроли утврдувајќи ги ризиците и клучните контроли кај следните процеси: процесот на данокот на имот, данокот на промет, наследство и подарок и комунална такса за истакнување фирма. Покрај општите недостатоци за одделните видови приходи е утврдено следното:

10.1.1. Процес на утврдување и наплата на данокот на имот

- облогателната листа, како основ за пресметка на данок на имот по даночни обврзници не е авторизирана,
- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се ажурирани,
- решенијата за данок на имот се изготвени по законскиот рок и придонесува за ненавремена наплата на данокот на имот.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, како и ненавременото утврдување на даночните обврски и делумно преземање

мерки за присилна наплата на даночниот долг (доставување само на опомени), придонесува за постоење ризик од помалку и ненавремено наплатени приходи и ограничување на планираните активности на Општината.

10.1.2. Процес на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок

- нема доказ за извршена контрола на утврдената пазарна вредност од Комисијата за проценка на пазарна вредност на недвижен имот и за пресметаниот данок;
- Во 2007 година нема акт за определување на вредноста на градежното неизградено земјиште.

Во 2008 година Советот на Општината има донесено одлука за определување на вредноста на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини.

10.1.3. Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија

- нема потврда за комплетноста на регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2007 година;
- редовно не се преземаат мерки за присилна наплата на ненаплатените побарувања по овој основ за кои поминал рокот за плаќање, според евиденција во даночното одделение;
- даночното одделение, не располага со податоци за вкупно неплатениот даночен долг по овој основ, што се објаснува со непостоење програмска можност.

Во текот на ревизијата, со деталните постапки не се утврдени грешки и неправилности со материјално значење во однос на точноста на искажаните приходи, меѓутоа, со оглед на растечкото значење на сопствените приходи на општините во вкупните извори на финансирање, невоспоставувањето интерни контроли го зголемува ризикот од неточно утврдување на приходите.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар да донесе пишани процедури:

- во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдување и пресметки на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците, со посебна нагласка на контролата на сите чекори во постапката.

Одделението за финансиски работи и буџет во општина Демир Хисар:

- да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ на данок на имот;
- да изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Агенцијата за катастар на недвижности;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи;
- пред изготвувањето на поединечните даночни решенија за данок на имот и за комунална такса за истакната фирма да изготвува авторизирани облагателни листи (потврдени од задолжените лица, раководителот на одделението и градоначалникот);

Одделението за правни и општи работи:

- да преземе мерки за наплата на даночниот долг со оглед на утврдените рокови за застареност.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општина Демир Хисар за 2006 и 2007 година не се усвоени од страна на Советот на Општината во чија надлежност спаѓа нивното усвојување.
Годишниот извештај, чиј составен дел е годишната сметка е изготвен од страна на општинската администрација и е доставен до Советот во законскиот рок.
Во Заклучоците со кои се утврдува дека извештајот за извршување на буџетот и годишната сметка на општина Демир Хисар за 2007 година не се усвоени нема образложение, односно не се наведени причините за нивното неусвојување. Добиено е усмено образложение од Претседателот на Советот на општина Демир Хисар дека годишниот извештај, односно годишната сметка не се усвоени поради ненаменско користење на капиталните средства, особено од продажбата на општинскиот имот.
Градоначалникот на Општина Демир Хисар, по недонесувањето на годишната сметка на буџетот за 2006 година како еден од законските услови за распуштање на советот на општината, го известил министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа заради преземање на мерки предвидени во Законот за локална самоуправа (поднесува предлог за распуштање на советот до Владата на Република Македонија). Известување за 2007 година не е испратено.

10.2.2. Обврската на градоначалникот на општина Демир Хисар за доставување до Министерството за финансии и до Советот на Општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот, е исполнета делумно. До Министерството за финансии се доставени кварталните извештаи, додека до Советот на Општината, освен за периодот јануари-јуни 2007 година тие не се доставени, така што не е исполнета и законската обврска за известување на јавноста за содржината на кварталните извештаи по нивното усвојување.

10.2.3. Општина Демир Хисар нема донесено буџетски календар за 2007 година со кој се регулираат роковите за планирање на општинскиот буџет.
Буџетскиот календар за 2008 година е донесен.

Неусвојувањето на пропишаните финансиски извештаи и други документи е спротивно на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ја намалува транспарентноста и отчетноста во однос на трошењето на буџетските средства на Општината, а се објаснува со слабата соработка помеѓу градоначалникот и Советот на општината.

**Препорака:**
Советот на општина Демир Хисар финансиските извештаи за работењето на Општината да ги усвојува во согласност со законските одредби.
Во случај на неусвојувањето на Извештајот за извршување на буџетот и годишната сметка Градоначалникот да достави известување до министерството надлежно за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.

10.2.4. Планираните приходи за 2007 година во буџетот на Општина Демир Хисар се остварени со процент од 71.6%, а расходите со 61.8%. Согласно Законот за буџетите доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до Советот на општината. Во ноември 2007 година Советот донел одлука за измени и дополнувања на буџетот на Општината за 2007 година, меѓутоа, наместо планираните приходи и расходи да се намалат и сведат на законски дозволеното отстапување од 5%, буџетот е зголемен од 45.518 илјади денари, на 50,060 илјади денари.

Ефектот од недонесувањето ребаланс на буџетот е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

10.2.5. Градоначалникот на општина Демир Хисар нема одредено одговорен сметководител кој заедно со него е одговорен за примената на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
Неодредувањето одговорен сметководител создава ризик од неоткривање на грешки во трансакциите, а со тоа и ненаменско користење на средствата, како и неточно изготвени финансиски извештаи.

**Препорака:** Градоначалникот на Општина Демир Хисар да одреди одговорен сметководител.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Демир Хисар под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Мислењето за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Демир Хисар.

Скопје 03.04.2009 година

Овластен Државен Ревизор

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 8,205 | 4,142 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1,933 | 669 |
| Капитални приходи | 3.3. | 1,721 | 11,435 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 23,965 | 17,497 |
| **Вкупно приходи** | | **35,824** | **33,743** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 9,994 | 8,398 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 38 | 146 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 4,561 | 5,360 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 3,274 | 1,026 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 163 | 327 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **18,030** | **15,257** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 12,932 | 17,872 |
| **Вкупно расходи** | | **30,962** | **33,129** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **4,862** | **614** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4,862 | 614 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2,855 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **7,717** | **614** |
| **Вкупна актива** | | **7,717** | **614** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 7,717 | 614 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **7,717** | **614** |
| **Вкупна пасива** | | **7,717** | **614** |